Врз основа на член 35 и член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран проектен опфат на Архитектонско урбанистичкиот проект за КП 388/2; 678/1 од Општ акт за село Ново Село – ПРОИЗВОДЕН ПОГОН СО МАГАЦИН, дека Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на:

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**

Површината на проектниот опфат изнесува 4.657 $m^2$, со следни граници на проектен опфат:

- Исток – Железничка пруга Скопје – Косово;
- Север и југ – Постојни катастарски парцели, КП 389/3 и КП 678/2;
- Запад – Постојна (планирана) улица

- Јавната анкета ќе трае 5 работни од 06.10.2016год. до 14.10.2016год., согласно објавата.
- Архитектонско урбанистичкиот проект ќе биде изложен во просториите на МЗ Ново Село, Општина Ѓорче Петров.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавното гласило „Вест" , во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk
- Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 12.10.2016 (среда) во 12$^{00}$ часот во просториите на Одделението за планирање и уредување на просторот, додека Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 12.10.2016 (среда) во 13$^{00}$ часот во просториите на МЗ Ново Село.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број 09-2834/2**
**од 30.09.2016 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ